
2024

Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" Т.е.
БР. 02-154/5
12.03 2025 ГОД.
БИТОЛА

ИЗВЕШТАЈ
за стопанското работење



ИЗГОТВУВАЧ

ЈКП ВОДОВОД БИТОЛА

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА СТОПАНСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2024 ГОДИНА

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈКП"ВОДОВОД"-БИТОЛА

ЈКП"Водовод"-Битола врши комунална стопанска дејност од посебен јавен интерес за граѓаните: собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и тоа за Општината Битола и Општините Могила и Новаци.

Претпријатието претставува самостоен субјект со целосна одговорност. Со работата раководи директор на претпријатието, именуван од градоначалникот. Управувањето му е доверено на Управниот одбор, кој се состои од 9 членови.

За пратење на материјално финансиското работење од страна на Советот е оформен Одбор за контрола на материјално-финансиското работење, кој е составен од пет надворешни члена.

ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈКП "ВОДОВОД"

За извршување на основната дејност, според карактерот на работите и од аспект на раководењето, внатрешната организација е организирана по сектори и одделенија, врз основа на посебни акти; Правилник за внатрешна организација на ЈКП Водовод Битола и Правилник за систематизација на работни во ЈКП Водовод Битола.

Во ЈКП"Водовод" постојат пет сектори и тоа:

- Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за финансии, сметководство и комерција
- Сектор за технички работи и развој
- Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење
- Сектор за водоснабдителни инсталации

Просечен број на вработени, број на вработени по работни саати и број на вработени за месец декември:

Ред.бр	Структура	2024	2023	2022
1	Просечен број на вработени	205	213	216
2	Број на вработени по работни саати	223	233	231
3	Број на вработени за месец декември	199	208	219

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ВО 2024 ГОДИНА ПО СЕКТОРИ

1. СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ

Во склоп на Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси за делуваат две одделенија:

- Одделение за општи правни работи
- Одделение за човечки ресурси

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси преку одделенијата ги извршуваат сите правни работи и работи поврзани со човечките ресурси во претпријатието во целина.

2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во склоп на Секторот за финансии, сметководство и комерција делуваат четири одделенија:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии, план и анализа
- Одделение за АОП
- Одделение за комерција

Секторите преку своите служби и оддели ги извршуваат сите сметководствени, финансиски, комерцијални и други работи за сите сектори во претпријатието во целина.

2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2024 година преку одделението за комерција на ЈКП „Водовод"- Битола се извршуваа следните работи:

1.Читање на водомерите на индивидуалните потрошувачи и претпријатијата, со исклучок на големите потрошувачи.

2.Внесување на состојбите и изготвување на сметки и фактури, како и изготвување на опомени по неплатените сметки.

3.Носење на сметките и фактурите до потрошувачите и нивна наплата.

4.Контрола на читањето и наплатата.

5.Присилна наплата кај индивидуалните потрошувачи и малото стопанство.

6.Откривање и пријавување на диви приклучоци.

7.Склучување на договори со корисниците.

8.Спроведување на јавни набавки и магацинско работење.

Дивите приклучоци и натаму се откриваат и проследуваат преку контролата, самоиницијативно и по пријава на граѓаните или инкасантите. Понатаму се прави записник и се упатува странката која има див приклучок во правна служба и кај техничарот по приклучоци, за доколку има услови истиот да се легализира и направи договор.

Во 2024 година се продолжи со читање на водомерите со телефони и нов софтвер, со што би се отфрлиле тефтерите, а сите записи се чуваат во компјутерската база на податоци. Во текот на 2024 година продолжи да се изготвуваат сметки на главните водомери во станбените објекти.

Магацинското работење подлежи на редовни и вонредни пописи.

3. СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ

3.1. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ГИС И ПРОЕКТИРАЊЕ

Одделението за ГИС и проектирање делува во склоп на секторот за технички работи и развој.

Во врска со електронското издавање на одобренија за градба, ЈКП „Водовод“ - Битола издава мислење за исполнување на хидротехнички услови за приклучување на објекти за кои се поднесува барање за одобрение за градба. Издадени се 94 мислења во електронскиот систем „Gradezna dozvola“ како и 23 хидротехнички услови во хартиена форма. Рокот за издавање на условите е 5 работни дена.

Во текот на 2024 во електронскиот систем на национално ниво „E-urbanizam“ во кој издаваме мислења, вцртувања на подземни инсталации и согласности за нови инфраструктурни урбанистички планови како и технички мислења по барање на Општина Битола и други правни субјекти, изработени се 186 документи. Рокот за издавање на мислењето во системот E-urbanizam е 10 работни дена.

Геометарот како дел од оваа служба редовно е на терен извршувајќи ги работите во склоп на одделението како и потребите за другите сектори.

Во текот на 2024 година е изработена проектна документација за следните објекти:

1. Проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водоводна линија на улица Цане Бујуковски
2. Проект на изведена состојба за линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водовод на улиците: Милтон Манаки, Сотир Брбевски, 12-Кладенци, 15-ти Корпус, дел од улица Студенска, дел од улица Стрчин.
3. Основен проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водоводна линија на улиците: дел од улица Јорго Костовски - профил 1, дел од улица Јорго Костовски - профил 2, и дел од улица Трајче Магловски - профил 3
4. Проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водовод на улица Панде Илковски и улица Илчо Стојановски.
5. Техничко решение за линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водовод на улица Бурса.
6. Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект - реконструкција на водоводна линија на улица 7-ма Бригада - прилагодување на проектот според препораките на МЗСПП.
7. Проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водоводна линија на улица Даме Груев- прилагодување на проектот според препораките на МЗСПП.

3.2. ОДДЕЛЕНИЕ ВОЗЕН ПАРК

Основната задача на одделението за возен парк е да се организира работата, управувањето и одржувањето на сите моторни возила како и навремено и квалитетно опслужување на работните единици во рамките на ЈКП "Водовод" Битола. Во текот на 2024 направени се вообичаени активности со редовни и периодични сервиси на возилата.

Сервисирањето на моторни возила се вршеше во сервисната работилница во стопанскиот двор на ЈКП Водовод Битола, а дел во овластени сервиси кои се избрани на тендер за давање на услуга за сервисирање на моторни возила. Исто така сервиссирањетоо на новите моторни возила се сервисираат во овластени сервиси согласно гарантниот рок.

Година	ВИД НА ГОРИВО		ВКУПНО (литри)
	БЕНЗИН (литри)	ДИЗЕЛ (литри)	
2024	3.103	37.126	**36.854**
2023	2.828	36.109	**38.937**

Во текот на 2024 година е потрошено вкупно **36.854** литри гориво што се за 5,35% намалени во споредба со потрошеното вкупно гориво во 2023 година кога беа потрошени 38.937 литри гориво. Намалување има кај дизел горивата за 2.358 литри, што е за 3,5% помалку во споредба со мината 2023 година.

3.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ПОПРАВКА НА ДЕФЕКТИ

Одделението за откривање и поправка на дефекти во текот на 2024 година имаше активна улога во работата на ЈКП Водовод Битола во рамките на делокругот на своето овлстување.

Со континуираното работење околу подобрување на функционалноста на SCADA системот. Одделението зеде активна улога за подобрување на тендерска документација за одржување на SCADA исто така и беше активно вклучена во изготвувањето на тендерска документација за воведување на тендер за резервна опрема за SCADA системот со кој што ќе имаме постојана покриеност на сите елементи од SCADA системот во случај на дефект на било кој дел од комплексниот систем. Од страна на оддлението е правена редовна месечна контрола на СКАДА системот при која се проверува функционалноста сите уреди од секоја мерна станица како што се: ПЛЦ контролер, рутер, сензори, дренажни пумпи, осигурувачи,релија, вентилатори, греачи итн. За секоја месечна контрола е напишан извештај во кој е документирана состојбата на секоја мерна станица и проблеми за истата.

Во текот на 2024 година направени се следните интервенции на СКАДА системот: Поправка на централен рутер за поврзување на мерни станици на Филтерница. 2. Ставање во функција на пумпна станица во село Лопатица и мониторинг на СКАДА. 3. Конфигурација на рутери за мерни станици: Лавци, Мусинци, Лажец, Габалавци. Одделението во текот на 2024 година по барање на службите во Општина Битола изработуваше пресметки за водоводни проекти кои се планираат за изведба и исто така даваше стручна помош при изработака и припрема на тендерска докумантација за следните проекти: 1.Улица 14та.

2.Реконструкција на водоводна мрежа во село Трново и Магарево. Одделението е активно вклучено ве текот на целата година за пополнување на прашалници од наразлични институции и организации кои што се од водоводната сфера, а во кои ЈКП Водовод Битола активно учествува а тоа се: IBNET, EBC. Одделението за откривање и поправка на дефекти ќе продолжи во наредната 2024 година да работи според план и задачи кои што ќе бидат во потполна функционалност за остварување на целите и плановите на ЈКП Водовод Битола.

4. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ , ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ

Во текот на 2024 година објектот Филтерница заедно со пумпната станица - Довлеџик успешно ја заврши својата работа испорачувајќи ги потребните количини на чиста вода за пиење на конзумното подрачје на градот и околините селски населби.

Во 2024 година „Одделот за водоснабдителни објекти„ ги изврши следните планирани и тековни активности;

- Тековно одржување на хлоринаторската опрема и апарати.
- Тековно одржување на SCADA системот (промена на мерачи на проток и притисок, сервисирање на дренажни пумпи, одржување на ел ормари)
- Чистење на брана Сапунчица, Лак поток, Црвена и резервоар на Сапунчица
- Пуштање во функција на ударо гасителите на пс. Довлеџик
- Промена на елементите од потисниот цевковод за втора пумпа на пс. Довлеџик.

Тековни работи околу одржавање на филтерницата и објектите на водовод Генерално, поголемиот дел од сирова вода е испорачана преку системот Драгор. Во текот на 2024 година преработени се **16.635.225 м3** што е за 550.675 м3 вода повеќе во споредба со 2023 година кога беа преработени **16.084.550 м3** вода и тоа:

	2023	**2024**	**индекс**
	м^3	**м^3**	
Вкупна вода:	**16.084.550**	**16.635.225**	**103 %**

Во ова вкупна вода влегува и превземената вода од ЈП Стрежево и тоа:

Алим.канал ЈП"Стрежево" и Пумпна ст. "Довлеџик"	**3.381.766**	**7.718.776**	**228 %**

или од сопствени извори **54%**, а од ХС "Стрежево" учеството е **46%.**

Произведена чиста вода **15.984.995 м3**, а испорачана вода во мрежата кон корисниците **15.296.143 м3** вода. Оваа **2024** година, како и 2023 година, испорачаната чиста вода е повисока од претходните години кога не беше инсталиран **SCADA** системот и хидроцентралата Довлеџик, ХЕП Водовод.

Прелив на чиста вода во полноводие за производството на електрична енергија од **687.852 м^3** вода, кое што е за 18% помалку во споредба со минатата 2023 година, каде што беа испуштени **839.714 м^3** вода.

За производство на вода потрошени се одредени количини на репроматеиријали и тоа; течен хлор **23.800 кг**, што е за 12% помалку во споредба со лани, а потрошен е хипохлорид вкупно **5.300 литри** или 5,5% повеќе во однос на минатата година. Со воведувањето на компјутерски мониторинг, за надгледување на водоводни-от систем, кој ќе се состои од софистицирани водомери и мерни инструменти, дел од нив се активирани, а дел се во фаза на поставување на критични точки за да се прати движењето на водата и навремено да се реагира, со што осетно ќе се намалат загубите од вода.

4.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И ТРЕТАМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Оваа година во нашата лабораторија беа направени вкупно 2.946 физичко хемиски и 2.629 микробиолошки анали на сирова и преработена вода од филтерска станица и од целата дустрибутивна мрежа.

Во текот на 2024 год, покрај анализите направени во нашата интерна лабораторија, направени се уште 5 периодични анализи со испитување на пестициди, радиоктивност, тешки метали во ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.С.М. и резултатите од 5 анализи покажуваат дека водата за пиење одговара според Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл. весник бр.183/2018 год.) на Република Македонија. Оваа година направена е анализа на трихалометани во Центарот за санитарна контрола на ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје и истите не се детектирани во водата за пиење.

Во периодот од годината кога се користи вода од акумулација „Стрежево“ и кога температурата на водата е највисока, а со тоа и можноста од појава на зголемена концентрација на фито и зоопланктон е поголема, направена е и биолошка анализа на сирова и финална вода во Хидробиолошки завод од Охрид. Анализата покажа дека процентот на задржување по однос на зоопланктон е 100%, а по однос на фитопланктон ефикасноста на филтрите изнесува 92,38%. Овој резултат се должи на успешно спроведен процес на коагулација, како и на подобрената работа на филтерските полиња.

Од страна на Центарот за јавно здравје направени се околу 290 хемиски и микробиолошки анализи и истите се 100% исправни.

Исто така од страна на оваа установа се прават редовните санитарни прегледи на лицата што се во директен контакт со водата.

Оваа година имавме аудит и од ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.С.М. за целокупната работа на филтерската станица и истата беше високо оценета. Исто така беше извршен аудит и од Агенција за храна и ветеринарство подрачна единица Битола и костантирано беше фактичката состојба на фабриката за преработка на водата е уредна.

5. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ИНСТАЛАЦИИ
5.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ

Основната дејност на одделението е: одржување на градска и приградска мрежа, монтирање на нови водоводни линии, како и приклучоци во индивидуални станбени згради и индустриски објекти, одржување на доводните магистрални линии и други работи од делокругот на работата на овој оддел како што се: поставување, одржување и поправка на затварачи, хидранти, прочистување на водоводни линии во крајните делови со отворање на крајните затворачи и прочистување на истите.

Одделението во текот на извештајната **2024** година, има извршено реконструкција на дел од градската мрежа и по тој основ се монтирани (променети) водоводни линии во должина од **2.788,00 метри** и со вкупна сума од **22.037.903,00 денари.**

Во **2024** година изведени се реконструкции или целосно нови водоводни линии, според заедничка Програма на Општина Битола и ЈКП „Водовод" при што се заменети азбест-цементни цевки и поцинкувани цевки од различни профили со нови пластични цевки од сите видови. Во текот на 2024 година извршена е реконструкција и промена на нова водоводна градска и приградска мрежа и тоа;

1.ИНВЕСТИТОР – ОПШТИНА - БИТОЛА
РЕАЛИЗАЦИЈА ЈКП ВОДОВОД БИТОЛА ЗА 2024 год.

р.бр.	Објект	должина (m)	приклучоци	сума
1	Ул. „Солунска"-(III реонска до ул.„ Пецо Божиновски")			37,766.00
2	„Бруснички пат-Црвеник"	1,076.00	Ф110	5,560,836.00
4	ул.„Бурса I времена"	483.00	Ф315	6,052,544.00
4	С. Трново	620.00	Ф110	4,471,327.00
5	Крак 9 и 10 г.Оризари			313,931.00
6	„Дом за доенчиња"			28,862.00
7	ОУ „Даме Груев"	124.00	Ф200	597,626.00
8	ОУ „Стив Наумов"	40.00	Ф63	194,361.00
11	Ул. „Солунска"(III-та Реонска до ул. „Пецо Божиновски")			38,881.00
12	Ул.„Нико Фундали"	382.00	Ф181-201	2,241,855.00
13	Ул „14-та"	152.00	Ф63	235,041.00
14	Г. Оризари			928,732.00
15	Ул. „Бурса"			978,194.00
16	„Лидл-Блис"	110	Ф160	294,538.00
	ВКУПНО	**2,788.00**		**22.037.903,00**

5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА

Одделението водомерна работилница делува во склоп на Секторот "Водоводни објекти и инсталации", а основна дејност е сервисирање и баждарење на сите мерни инструменти (водомери), од целокупната водоводна мрежа.

Покрај основните работни задачи, во текот на годината се правеше континуирана припрема на опремата која подлежи на калибрација и годишна верификација од страна на Бирото за метрологија. Тоа подразбира редовно одржување и сервис на целокупната апаратура за баждарење на водомери.

Во текот на 2024 год. од водовоната мрежа се извадени 791 водомери, од кои 739 со профил 1/2" и 3/4", а остатокот: 52 водомери со профил 1" до Ф200 mm.

Оваа година е извршено баждарење на сите водомери кои се извадени од водоводната мрежа со која стопанисува претпријатието, истовремено е направено вонредно баждарење преку бирото за метрологија на 50 водомери, со вградени стари механизми (кои можат да се искористат), воедно е направено второ барање за дополнително вонредно баждарење на уште 50 водомери.

Од службата за наплатната (инкасанти) во текот на 2024 година се добиени 980 известија, истовремено се изготвени 678 налози за работа од јавувања на странки. Мора да се напомене дека во 2024 година вадењето на водомери се вршеше со два извршители, придружувани од два општи работници.

Финансиска реализација

Вкупна финансиска реализација за 2024 год._____ 450.610,00 ден.

Прием на водомери _____ 125.239,00 ден.

Вкупно: 575.849,00 ден.

ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

ЈКП "Водовод" тековната **2024** година, ја заврши со негативен финансиски резултат, односно бруто загуба од **61.803.073,00** денари.
Билансот на успех за **2024** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **284.797.241,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **346.600.314,00** ден.
- Бруто загубата изнесува **61.803.073,00** ден.

Прикажаната загуба се должи на лошите временски услови во поголемиот дел од 2024 година што доведе до **зголемување на трошоците за набавка на сурова вода за 144%** во споредба со минатата година, а со тоа и се **зголемени и трошоците за електрична енергија за 103%** во споредба со минатата гонина.

Исто така прикажаната загуба е и поради не добивањето на согласност од Советот на Општина Битола на решението УП1 бр.08-327/23 од 01.12. 2023 година за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење на ЈКП Водовод Битола за периодот 2024-2026 година донесена од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Р. Македонија.

Вкупно остварениот приход изнесува **284.797.241,00** денари и е зголемен за 3% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 91%. Приходите од продажба изнесуваа 261.894.068,00 денари, кои се за 8% зголемени во споредба со минатата година, а планот е реализиран 94%.

Вкупно остварениот расход изнесува **346.600.314,00** денари и е за 17% зголемен во споредба со вкупниот расход од минатата година. Материјалните трошоци бележат зголемување од 61% во споредба со минатата година, а **нематеријалните трошоци бележат намалување за 29%** во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 75%.

Остварената вкупна реализација во физички обем од вода за 2024 година изнесува **5.996.309 м^3**, што е **зголемување за 3%** во споредба со минатата година, од кои домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 73%, а правните лица со 27%. Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **232.969.266,00** денари од кои домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 62%, а правните лица со 38%.

Амортизацијата на основните средства е извршена со примена на пропишаните стапки согласно номенклатурата за амортизација и истата изнесуваше **27.800.460,00** денари, што е за 6% намалена во споредба со минатата година.

Вкалкулираните **бруто плати** изнесуваа **148.612.180,00** денари, што е зголемување за 10% во споредба со минатата година, **нето** платите изнесуваа **98.609.676,00** денари и истите се исплатени согласно законот за плати.

Број на вработени според состојбата на крајот на месецот декември 2024 изнесуваше **199** вработени што е **4% намален** во споредба со 2023 година кога изнесуваше 208 вработени. Просечниот број на вработени за 2024 година изнесуваше 206 вработени.

Резултатите од работењето ќе ги согледаме од следниот табеларен преглед:

I ПРИХОДИ


1. ДИНАМИКА

на деловниот резултат за 2024 година

Во 000 ден

ред.бр	ЕЛЕМЕНТИ	Остварено 2023	План 2024	Остварено 2024	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
1	**Вкупен приход**	**275,199**	**311,869**	**284,797**	**103%**	**91%**
	Приходи од продажба на производи и услуги	243,618	277,821	261,894	108%	94%
	Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти	9,698	9,698	9,698	100%	100%
	Приходи од сопствено учество	94	9,500	235	250%	2%
	Останати деловни приходи	21,789	14,850	12,970	60%	87%
2	**Вкупни расходи**	**297,280**	**310,036**	**346,600**	**117%**	**112%**
	Материјални трошоци со амортизација	114,213	118,211	163,748	143%	139%
	Нематеријални трошоци	48,137	44,786	34,240	71%	76%
	Бруто плати	134,930	147,039	148,612	110%	101%
3	**Вкупно добивка (загуба)**	**-22,081**	**1,833**	**-61,803**		
4	**Пресметан данок од добивка**		**1,500**			
5	**Нето добивка (загуба)**		**333**			

Графички приказ на остварениот приход, расход и добивка за период 01.01-31.12.2024 година во 000 денари



-Од прикажаниот преглед можи да се заклучи :

Остварениот вкупен **приход** во текот на 2024 година изнесува **284.797.241,00** денари, што е зголемен за 3% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 91% .

Вкупните **расходи** изнесуваа **346.600.314,00** денари што се зголемени за 17% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 112%.

Во текот на 2024 година беа реализирани приходи од извршени услуги во поврзани субјекти. Овие приходи се реализирани од **ХЕП „Водовод“** преку закупнина и консалтинг услуги. Остварениот приход изнесуваше **9.698.408,00** денари, што е еднаков во споредба со минатата година а планот е реализира со 100%.

Според структурата динамиката на вкупниот **приход** е следна :

I Вкупни приходи;

2. Д И Н А М И К А
на приходите во 2024 година

во денари

Конто	ВИД НА ПРИХОД	ОСТВАРЕНО 2023	ПЛАН 2024	ОСТВАРЕНО 2024	ИНД.5/3	ИНД.5/4
1	2	3	4	5	6	7
730	ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ	9,698,408	9,698,408	9,698,408	100	100
740	ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА	243,618,180	277,821,000	261,894,068	108	94
745	ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП ПРОИЗВОДСТВО	94,306	9,500,000	235,041	249	2
764	ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ	1,840,268	250,000	1,436,615	78	575
765	ПРИХОД ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ	3,018,934	3,550,000	2,613,409	87	74
767	ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ, СУБВЕНЦИИ	938,464		749,401	80	
769	ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (АДВ, СУД, ИЗВРШ, МАНИПУЛ)	12,313,196	9,500,000	5,882,142	48	62
774	ПРИХОДИ ОД КАМАТИ	3,677,595	1,550,000	2,288,157	62	148
	ВКУПЕН ПРИХОД	**275,199,351**	**311,869,408**	**284,797,241**	**103**	**91**

Од компаративниот преглед за движењето на приходите во **2024** година може да се забележи следната динамика:

- Приходите од продажба кои се во висина од **261,894,068,00** денари и се за 8% зголемени во споредба со минатата година, кои учествуваат со 94% од вкупните приходи за 2024 година
- Зголемување има и кај приходи од основ на сопствено производство за 149% во споредба со минатата година.
- Приходите од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски кои се во висина од **2**.613.409,00 денари и се за 13% зголемени во споредба со минатата година.
- Останатите приходи од адвокатски, судски, извршни трошоци, фактурирани штети кои се во висина од 12.970.000,00 денари и се за 40% намалени во споредба со минатата година.

Формирањето на вкупниот приход беше по следните цени:

Ред број	Категорија на потрошувачи	Цена по м^3	
		Период 1/6 2024	Период 7/12 2024
1	Домаќинства	**31,78 ден.**	**34,46 ден.**
2	Правни лица	**52,80 ден.**	**57,55 ден.**

Од 01.01. до 30.06 2024 година цената на водата се пресметува според пресметаната стара цена на вода од 2023 година. Од 01.07. 2024 година се пресметува формирана по цени согласно решение од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Р.М. УП1 бр. 08-237/23 од 13.06. 2024 година за регулиран период од 2024, 2025 и 2026 година.

3. Д И Н А М И К А
на фактурирана реализација по Сектори и одделенија за 2024 година

Во 000 ден.

ред.бр	Категорија на потрошувачи	Остварено 2023	ПЛАН 2024	Остварено 2024	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
1	**Сектор за Водоснабдителни инсталации**	**242,101**	**276,121**	**260,580**	**108%**	**94%**
*	Реализација од вода	213,830	265,171	232,970	109%	88%
*	Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци	27,011	10,000	27,101	100%	271%
*	Одделение Возен парк	530		24	5%	
*	Одделение Водомерна работилница	730	950	485	66%	51%
2	**Сектор за финасии сметководство и комерција**	**1,517**	**1,700**	**1,314**	**87%**	**77%**
*	Одделение за сметководство	1,517	17,000	1,314	87%	8%
3	**Вкупно 1+2**	**243,618**	**277,821**	**261,894**	**108%**	**94%**

Од табеларниот преглед за динамиката на фактурираната реализација по сектори и одделенија може да се согледа следното:

1.1. Сектор за „Водоснабдителни објекти и инсталации" оствари фактурирана реализација во висина од **230.580.000,00** денари што е за 8% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 94%.

Според структурата на фактурираната реализација се бележи следната динамика:

Реализацијата од вода изнесува **232.969.266,00** денари и е зголемена за 9% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 88%.

а) **Одделението за „Водоводна мрежа и приклучоци"** оствари реализација од **27.100.627,00** денари што е на истото ниво во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 271%.

б) **Одделението „Возен парк"** оствари реализација од 12.000,00 денари што е за 95% помалку во однос на минатата година.

в) **Одделението за „Водомерна работилница"** оствари реализација во висина од 484.731,00 денари која е намалена за 34% во споредба со минатата година. Во однос на планот истата е реализирана со 51%.

2.1. Сектор за „Финансии, сметководство и комерција " оствари реализација во висина од **1.314.000,00** денари што е за 13% намалена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 77%.

1+2 Вкупната фактурирана реализација по сектори изнесува **261.894.000,00** денари, што е за 8% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 94%.


3. ДИНАМИКА

на реализација од вода по категории на потрошувачи во физички обем

во М3

ред.бр	Категорија на потрошувачи	Остварено 2023	ПЛАН 2024	Остварено 2024	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	5	4	5	6	7
1	Домаќинства	4,325,135	4,600,000	4,388,430	101%	95%
2	Правни лица	1,488,762	1,500,000	1,607,879	108%	107%
	Вкупно	5,813,897	6,100,000	5,996,309	103%	98%

Графички приказ на остварениот физички обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2024 година во м3 ден.



графикон 2

Од компаративниот преглед на динамиката на остварената реализација во физички обем, може да се согледа дека во текот на 2024 година се реализирани **5.996.309 м^3** што се за 3% поголеми во споредба со минатата година. Планираниот физички обем е реализиран со 98% .

Според структурата ја бележиме следната динамика :

- кај домакинствата реализираниот физички обем е поголем за 1% во споредба со минатата година. Планираниот обем е реализиран со 95%.
- кај правните лица реализираниот физички обем е зголемен за 8% во споредба со мината година, а планот е реализиран со 107%.

Домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 73%, а правните лица со 27%

.


5. ДИНАМИКА

на остварениот финансов обем на реализација од вода за 2024 година

во 000 ден.

ред.бр	**Категорија на потрошувачи**	Остварено 2023	ПЛАН 2024	Остварено 2024	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
1	Домаќинства	136,406	178,066	145,216	106%	82%
2	Правни лица	77,424	87,105	87,754	113%	101%
	Вкупно	213,830	265,171	232,970	109%	88%

Графички приказ на остварениот финансов обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2024 година во 000 ден.



графикон 3

Од прикажаниот компаративен преглед за динамиката за остварениот финансов обем на реализација од вода за 2024 година, може да се согледа следното:

Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **232.969.266,00** денари што е 9% поголем во споредба со лани, а планот е реализиран со 88%.

- Кај **домаќинствата** имаме реализација на финансовиот обем на вода во висина од **145.215.868,00** денари и бележи зголемување за 6% во споредба со лани, а планот со 82%.

- Кај **правните лица** имаме реализација на финансовиот обем на вода од **87.745.133,00** денари и бележи зголемување за 13% во споредба со лани, а планот е реализиран со 101%.

Домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 62%, а правните лица со 38%.

II РАСХОДИ

5. ДИНАМИКА


на расходите во 2024 год.

Во денари

Конто	Назив	ОСТВАРЕНО 2023	ПЛАНИРАНО 2024	ОСТВАРЕНО 2024	ИНД. 5/3	ИНД. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
400	ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ	39,240,050	38,000,000	66,340,361	169%	175%
401	ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ	3,574,206	2,200,000	3,243,195	91%	147%
402	ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА	25,781,322	30,000,000	46,208,074	179%	154%
407	ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ	2,501,486	500,000	833,149	33%	167%
411	ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ	1,805,447	1,750,000	1,996,499	111%	114%
413	УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА	5,064,458	7,500,000	5,417,955	107%	72%
414	ЗАКУПНИНА	643,340	1,060,941	120,000	19%	11%
415	КОМУНАЛНИ УСЛУГИ	1,303,148	1,100,000	1,090,668	84%	99%
419	ОСТАНАТИ УСЛУГИ	4,722,730	3,600,000	10,697,783	227%	297%
422	ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ	10,846,143	12,500,000	9,753,064	90%	78%
440	ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ	122,282	300,000	165,697	136%	55%
441	НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ	479,724	550,000	566,897	118%	103%
442	ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО	794,464	870,000	789,464	99%	91%
443	СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ	2,102,856	2,500,000	2,116,794	101%	85%
444	ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА	316,151	215,000	338,834	107%	158%
445	ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ	15,061,283	11,100,000	2,891,716	19%	26%
446	БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ	780,977	420,000	975,027	125%	232%

447	ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ	561,391	600,000	537,441	96%	90%
449	ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ.	937,068	750,000	1,216,725	130%	162%
455	ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА	7,675,484	7,500,000	7,911,253	103%	105%
456	ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗБЕДУВАЊЕ) НА ЗАЛИХИ			1,572,316		
460	ЗАГУБИ ОД РАСХОДУВАЊЕ И ПРО.	46,823		113,337	242%	
464	КУСОЦИ,КАЛО, РАСТУР,РАСИПУВАЊЕ И КРШЕЊЕ	248		17,045		
468	КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ	240,443	250,000	530,521	221%	212%
469	ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО	5,451,487	5,600,000	2,719,940	50%	49%
474	РАСХОДИ ОД КАМАТИ	2,705,392	2,200,000	2,023,919	75%	92%
475	РАСХОДИ БРЗ ОСНОВА НА НЕГАТИНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ	15,322				
	ВКУПНО материјални трошоци	**84,636,187**	**85,710,941**	**135,947,684**	**161%**	**159%**
	ВКУПНО нематеријални трошоци	**48,137,538**	**45,355,000**	**34,239,990**	**71%**	**75%**
	ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци	**132,773,725**	**131,065,941**	**170,187,674**	**128%**	**130%**
430	ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА	29,576,248.00	30,000,000	27,800,460.00	94%	93%
	ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација	**162,349,973**	**161,065,941**	**197,988,134**	**122%**	**123%**
420	ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА	134,929,917	110,000,000	148,612,180	110%	135%
490	**РАСПОРЕД НА ТРОШОЦИТЕ**	**297,279,890**	**271,065,941**	**346,600,314**	**117%**	**128%**

Графички приказ на материјални, нематерјалните трошоци и вкалкулираните плати за период 01.01.-31.12. 2024 година во 000 ден.



графикон 4

II Вкупни расходи;

1.2. **Вкупните расходи** изнесуваат **338.587.874,00** денари и се зголемени за 17% во споредба со минатата година, а од планот е реализиран со 112%.

а) Според структурата, деловните расходи ја бележат следната динамика:

- **материјалните трошоци** изнесуваат **135.947.684,00** денари и се зголемени за 61% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 159%..
- **нематеријални трошоци** кои изнесуваат **34.239.990,00** денари и се намалени за 29% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 75%.
- **вкупните материјални и нематеријални трошоци со амортизацијата** кои изнесуваат **197.988.134,00** и се зголемени за 22% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 123%.

2. **Амортизацијата** изнесува **27.800.460,00** и е намалена за 6% во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 93%.
3. **Вкалкулираните плати** изнесуваат **148.612.180,00** денари и се зголемени за 10% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 135%.

6. Д И Н А М И К А
на материјалните трошоци за 2024 - аналитика

Конто	Назив	ОСТВАРЕНО 2023	ОСТВАРЕНО 2024	ИНДЕКС 4/3
1	2	3	4	5
40000	ПОТРОШЕНА СИРОВА ВОДА	20,470,619	50,008,926.00	244%
40001	ПОТРОШЕНИ ХЕМ. И ДР. МАТ.	3,191,798	4,562,453.00	143%
40040	ПОТРОШЕНО РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ	14,796,777	10,966,131.00	74%
40041	ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ-ВОЗЕН ПАРК	780,856	802,850.61	103%
40100	ПОТРОШЕНО КАНЦАЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ	880,300	789,567.00	90%
40110	ПОТРОШЕНО ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ	2,693,906	2,453,628.00	91%
40200	ПОТРОШЕНО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА	20,958,223	42,464,845.00	203%
40284	ПОТРОШЕН МАЗУТ	1,689,545	2,061,429.00	122%
40285	ПОТРОШЕНО ГОРИВО НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА	3,077,814	1,641,048.00	53%
40286	ПОТРОШЕНО МОТОРНИ МАСЛА АНТИФРИЗ И ДР.	55,740	40,751.72	73%
40700	СИТЕН ИНВЕНТАР-ОТПИС	2,501,486	833,148.50	33%
41100	ТРОШОЦИ ЗА ПТТ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА	906,207	907,854.00	100%
41110	ТРОШОЦИ ЗА ПИСМОНОСНИ УСЛУГИ	122,115	89,890.00	74%
41120	ПРОВИЗИЈА ЗА НАПЛАТА НА СМЕТКИ 5%	689,274	876,325.00	127%
41130	ДРУГИ ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ	87,851	122,430.00	139%
41300	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ	2,055,732	3,133,518.00	152%
41310	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗЕН ПАРК	927,348	774,038.00	83%
41320	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ДР. СРЕДСТВА	2,081,378	1,510,399.00	73%
41400	ЗАКУПНИНА НА ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ	643,340	120,000.00	19%
41541	ТРОШОЦИ ЗА ЃУБРЕ	383,148	386,634.00	101%
41549	ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ	15,869	12,261.00	77%
41560	УСЛУГА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТАРИНА	32,235	26,243.00	81%
41590	ДРУГИ НЕПРОИЗВОДНИ ЗАНАТСКИ УСЛУГИ		53,807.00	
41595	ДРУГИ УСЛУГИ	871,896	611,723.00	70%
41900	ТРОСОЦИ ЗА ИСТАК. НА ФИРМИ И РЕГИСТР. НА ВОЗИЛА	262,002	195,722.00	75%
41940	УСЛУГИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ, АТЕСТИРАЊЕ НА ДОБРА И УСЛУГИ	686,176	885,719.00	129%
41950	ТРОШОЦИ ЗА ТЕНДЕРИ	159,304	237,283.00	149%
41990	УСЛИГИ ЗА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ	3,615,248	9,379,059.00	259%
42200	ОТПРЕМНИНА			

		860,183	700,670.00	81%
42220	ЈУБИЛЕЈНИ НАГРАДИ	356,074	372,674.00	105%
42230	РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР	4,866,618	5,688,896.00	117%
42240	ПОМОШТИ	1,189,920	1,840,792.00	155%
42250	НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК	3,500,000	1,094,532.00	31%
42260	ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ		55,500.00	
44000	ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО ЗЕМАТА	73,348	154,815.00	211%
44001	ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО	122,282	10,882.00	9%
44150	ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ	97,700	221,500.00	227%
44160	УСЛУГИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И СЕМИНАРИ	310,011	139,946.00	45%
44161	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЈЕ	63,763	47,091.00	74%
44162	ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ	8,250	158,360.00	
44299	ТРОШОЦИ ЗА УО И НО	794,464	789,464.00	99%
44320	СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ	1,842,419	1,895,687.00	103%
44330	СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА	260,437	221,107.00	85%
44401	ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА	316,151	338,834.00	107%
44500	ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАНЕ	15,061,283	2,891,716.00	19%
44600	НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ	776,685	851,337.00	110%
44610	НАДОМЕСТ НА БАНКАРСКИ УСЛУГИ ЗА KWB	4,292	4,292.00	100%
44620	ПРОВИЗИЈА ЗА БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА KWB		119,398.00	
44700	ДАНОК НА НЕДВИЖНОСТИ	135,677	135,677.00	100%
44730	ЧЛЕНАРИНА НА ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА	245,189	231,253.00	94%
44790	ТРОШОЦИ ЗА СУДСКИ ИЗДАТОЦИ	72,745	95,156.00	131%
44791	АДМИНИСТРАТ ТАКСИ И ИЗДАТОЦИ	107,530	75,355.00	70%
44904	УСЛУГИ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И ПРОЦЕНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ВРЕДНОСТ НА ДРУШТВОТО	61,850		
44940	ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА	123,700		
44941	ТРОШОЦИ ЗА ЧЛЕНАРИНА ЗА ЛИЦЕНЦИ	38,100	38,358.00	101%
44950	ТРОШОЦИ ЗА АДВОКАТСКИ УСЛУГИ	680,507	1,147,903.00	169%
44951	ИЗВРШНИ ТРОШОЦИ	32,911		
44991	ОСТАНАТИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ		30,464.00	
45500	ОТПИС ИСПРАВКА НА НА НЕНАПЛАТЕНИТЕ ПОБАРУВАЊА	7,675,484	7,911,253	103%
45560	ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗБЕДУВАЊЕ) НА МАТЕРИЈАЛИТЕ, ОТПИС И ИСПРАВКА		1,572,316.38	
46000	РАСХОДИ ОД ОСНОВНИ СРЕДСТВА	46,823	113,337	242%
46420	КУСОЦИ НА РЕЗЕРВНИТЕ ДЕЛОВИ	248	17,046	

46800	КАЗНИ ПЕНАЛИ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ	240,443	530,521.00	221%
46900	ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ РАСХОДИ	5,360,713	2,719,940.00	51%
46990	РАСХОДИ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ	90,774		
47400	КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВСКИ ЗА ОСНОВНИ СРЕДСТВА	71,920		
47401	КАМАТИ ОД КРЕДИТИ ОД KFW БАНКА	1,752,188	1,647,580.00	94%
47410	КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВРСКИ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА	881,284	376,339.00	43%
47411	НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ	15,322		
	ВКУПНО Материјални Трошоци	**84,636,187**	**135,947,683**	**161%**
	ВКУПНО Нематеријални Трошоци	**48,137,538**	**34,239,991**	**71%**
43000	АМОРТИЗАЦИЈА ПО МИНИМАЛНИ СТАПКИ	29,576,248	27,800,460	94%
	ВКУПНО Материјални Трошоци со амортизација	**114,212,435**	**163,748,143**	143%
42000	ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ	134,929,917	148,612,180	110%
	ВКУПННО РАСХОДИ	**297,279,890**	**346,600,314**	**117%**

III ВКУПНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

Билансот на успех за **2024** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **284.797.241,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **346.600.314,00** ден.
- Бруто загубата изнесува **61.803.073,00** ден.

Негативното финансиско работење со бруто загубата од **61.803.073,00** денари не овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа не се овозможи реализација на зацртаната програма и планот за работа за **2024** година.

Март 2025;

Изготви:

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ
ПЛАН И АНАЛИЗА

ЈКП "ВОДОВОД" БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" Битола